# ИСТАНБУЛ
# од 1001 ноќ

**“Ако светот беше една држава, Истанбул ќе беше нејзиниот главен град”,**
**Наполеон Бонапарта**




**Со едниот дел длабоко навлезен во Азија, а со другиот дел во Европа, Истанбул е единствен град во светот на два континенти. Босфор, водите на Црно Море, Мраморно Море и Златниот Рог ги носи низ срцето на градот. Повеќе од 1500 години бил главен град на Римската, Византиската и Отоманската Империја. Низ вековите е разубавуван со многу споменици од различни култури, нации, религии... . Последните откритија докажуваат постоење на живеалиште од пред 400.000 год.. Но “Виолетовата” година почнува 330 год кога Императорот Константин го прогласува градот за главен град на Империјата. Кралската виолетова боја, е боја на Византиската императорска фамилија. Се до 1453 год кога е освоен од Османлиите, Истанбул, тогаш Константинопол, бил разубавуван и збогатуван со бројни грандиозни дела на кои и денеска им се воодушевуваме. Прошетката низ Истанбул е прошетка низ вековите... а магијата наречена Истанбул ќе Ви ја доловат водичите на Нехар Травел.**

**ТЕРМИН: 06 Март**

**1 ден 06.03.2025 СКОПЈЕ-ИСТАНБУЛ**

Состанок на групата на спортски центар Борис Трајковски во 16:00 ч.Тргнување во 16:30. Се патува преку граничниот премин Богородица и низ Грција. За време на патувањето, водичот на групата ќе ја презентира програмата на патниците.Ноќно возење со попатни паузи.

**2 ден 07.03.2025 ИСТАНБУЛ**

Пристигнување во Истанбул во утринските часови.

**Започнува магијата... Истанбул од 1001 ноќ...**

**ПАНОРАМСКИ РАЗГЛЕД НА ЕВРОПСКИ ИСТАНБУЛ**:

Панорамско разгледување на градот со автобус: Аксарај, Лалели џамија, Универзитетот Бејазит, Римскиот Аквадукт, Бејоглу, Пера Палас хотелот (каде Агата Кристи го напишала светски познатиот роман Ориент Експрес), стадионот на ФК Бешикташ, Галата мостот, Сулејманије џамијата, Новата џамија, Египетскиот пазар...

**ТАКСИМ** – плоштад на Европската страна со својата прочуена пешачка улица Истиклал, полна со многубројни бутици, шопинг центар, ресторани. Можност да посетите голема фамилијарна продавница која изработува традиционални кондиторски производи.

Сместување во хотел и кратка пауза за одмор.

**Попладне продолжуваме со магијата на Истанбул.**

**СУЛЕЈМАНИЈА и кулата Сафир**

**СУЛЕЈМАНИЈА џамија - Сулејмановата џамија** заедно со Селимовата џамија („Селимија“) во Едрене, спаѓаат во групата на т.н. „султански џамии“ и е втората по големина џамија во Истанбул, а денеска претставува една од најпосетените туристички атракции на градот.

Сулејманова џамија била изградена по наредба на Сулејман I, и е изградена од страна на големиот османлиски архитект Мимар Синан. Изградбата на џамијата започнала во 1550и истата била завршена во 1557, при кое свечено била отворана на 16 Август истата година. Синан, како архитектонска замисла ја зел византиската Света Софија. Всушност Света Софија, која била претворена во џамија во времето на Мехмед II, послужила како модел за многу отомански џамии во Истанбул. Сепак, Синан врз Сулејмановата џамија користел поголема симатричност, рационалност и прозрачност. За дизајнот на Сулејмановата џамија исто така одиграл голема улога и самиот Султам Сулејман Величенствениот, кој свесно себеси се претставувал како "вториот Соломон." Таа во голема мера наликува на Златната купола, која е изградена на местото на Храмот на Соломон, при кое султанот ги “прекратил“ зборовите на Јустинијан I, кој ги ги изрекол при изградбата на црквата Света Софија: „Соломоне, јас те надминав''

**САФИР** – облакодер: Ве водиме до највисоката зграда во Европа, 236 м. Експресниот лифт ве искачува до прекрасна тераса-видоковец, со спектакуларен поглед: Истанбул на дланка. Единствена можност да се вклучите во SkyRide -4D неверојатно доживување на симулација на лет со хелихоптер над Истанбул и културно историските споменици, неверојатно доживување.

Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**3 ден 08.03.2025  ИСТАНБУЛ**

**Појадок.** Денот е предвиден за нови возбудливи посети и приказни од 1001 ноќ.

**ДОЛМА БАХЧЕ ПАЛАТА:** Посета на најбогатата, најубавата и последната султанска палата, на брегот на Босфор. Резиденција на Султаните од 1853 г. до 1922 г. Тука престојувал и починал основачот на денешна модерна Турција, Мустафа Кемал Ататурк. Се посетува Резиденционалниот дел од Палатата.

**КРСТАРЕЊЕ ПО БОСФОР**: Заминуваме на прекрасно и возбудливо крстарење по БОСФОР со приватен брод и водич: тврдината Румели Хисар, "Beyler beyi" палатата... Ќе уживате во прекрасниот поглед на раскошните палати на светски познатите политичари и бизнисмени ( Тансу Чилер...), Kiskulesi (Моминската кула) , Султанската палата Чираган ... палатите од Турските ТВ серии...

**ОТОМАНСКИ И ВИЗАНТИСКИ ИСТАНБУЛ**: Ве водиме во славното и бурно минато на Османлиското царство: со локален водич ќе се запознаете со познатата црква АЈА СОФИЈА , можност да влезете во најпознатата султанска палата во светот - Топ Капи Палатата и ќе го видите Султанскиот Харем . Потоа ќе се воодушевувате на големината на Сината џамија, Султан Ахмед плоштадот и Византискиот хиподром. Можност да се посети и Подземната византиска цистерна од каде градот бил снабдуван со вода за пиење. Пешки продолжуваме до **Капали чаршија** . Слободно време. Враќање кон хотел.

Вечерта можност за ноќно крстарење по Босфор со вечера и шоу програма. Незаборавно доживување!

**Ноќевање.**

**4 ден 09.03.2025  ИСТАНБУЛ**

**Појадок.** Ден предвиден за релаксирани излети

Предпладне**: ПРИНЦЕСКИ ОСТРОВИ:** Пловите со брод низ Мраморното море кон Принцеските острови и посета на Buyuk ada (Големото острово). Овој архипелаг се состои од 9 острови и на нив е забранета употреба на моторни возила. Превозно средство: некогашната коњска кочија –Пајтон е заменета со електрични возила, со кој предлагаме да се возиме околу островот. Островот е многу пошумен, со убави плажи, прекрасни стари куќи од Отоманскиот период... остров на кој императорот Јустин 1ви, внук на Императорот Јустинијан и Теодора, изградил палата и манастир. Препорачуваме ручек во еден од многуте рибни ресторани.

**АЗИСКИ ИСТАНБУЛ:** Посета на Азиската страна на Истанбул.

**Кадиќој -** Кадикој е раздвижен кварт лоциран на азиската страна на Истанбул, една од најпознатите Истанбулски населби, колоритни улички полни со дуќани за сувенири, локална вкусна храна и слатки, , меани, пабови, цркви и џамии... Слободно време за ручек и индивидуални прошетки.

**Ускудар**: една од најважните турски населби уште од времето на Османлиите. Тука се наоѓа убавата џамија на Михримах Султан (ќерката на Сулејман Величенсвени и Хурем). Во непосредна близина на брегот на Ускудар се наоѓа Моминската кула.

**Чамлиџа џамија** доминира на брдото на кое е изграден, а е видлива речиси од сите агли на Истанбул. Овој мегапроект кој е иницирaн од сегашниот претседател Ердоган, е отворен во 2019 год и чинел 110 милиони Американски долари. . Има капацитет за 63.000 верници и во себе вклучува музеј, ликовна галерија, библиотека, сала за собири и подземно паркиралиште за 3.500 возила.

Враќање во хотел преку Босфорскиот мост симболот на Истанбул – Ноќна панорама на Истанбул.

**Ноќевање.**

**5 ден 10.03.2025 ИСТАНБУЛ**

**Појадок.** По појадокот го сместуваме багажот во автобус. Магијата од 1001 ноќ продолжува.

**ПЈЕР ЛОТИ и заливот ЗЛАТЕН РОГ**: Се возиме покрај брегот на Златниот Рог кој скоро завршува кај едно панорамско возвишување наречено Пјер Лоти, според еден Француски поет. Со жичара се искачуваме до видиковецот. Можност да го испиете утринското Турско кафе направено на топол песок и пробате Ѓозлеме, уживајќи во прекрасната панорама на Истанбул под нас.

**БАЛАТ /ВСЕЛЕНСКАТА ПАТРИЈАРШИЈА:**

Одиме во живописниот кварт **Балат**, стара христијанска област која настанува по освојувањето на Истанбул од Султан Мехмед II Фатих. Прекрасни дрвени куќи во разни живописни бои, мали кафулиња. Улички каде се снимени повеќеТВ серии и филмови. Тука е сместена и Вселенската Патријаршија и старата Грчка гимназија. Ќе уживате во прошетката низ Балат.

**ФОРУМ**: Напуштајќи го Истанбул, го посетуваме големиот шопинг центар Форум. Во самиот центар се наоѓа и големиот Аквариум а во непосредна близина продавницата на Декатлон и Икеа. Во попладневните часови заминуваме за Скопје. Ноќно возење преку Грција.

**6 ден 11.03.2025 СКОПЈЕ** Пристигнување во Скопје во раните утрински часови.

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ ЗА УПЛАТИ ДО 28.12.2024: 149€ / 9.240 ден**

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 159 €/ 9.860 ден.**

**ВО ЦЕНАТА Е ВКЛУЧЕНО:**

- Превоз со високотуристички автобус на релација Скопје – Истанбул - Скопје
- Сместување во хотел 3*, на база 3 ноќевањасо појадок
- Капали чаршија

- Посета на Форум, Декатлон, Икеа
- Професионален туристички пратител на групата
- Професионален  локален туристички водич

**ВО ЦЕНАТА НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

- **Факултативни излети**:
- Задолжителен Панорамски разглед на европски Истанбул – 10€
- Крстарење по Босфор – 20€
- Азиски Истанбул – 35€
- Пјер Лоти и Златен Рог: – 10€
- Крстарење кон Принцеските острови – 30€
- Вечера со шоу програма – 40€
- **ЕВРОПСКИ ПАКЕТ: Сулејманија +Балат + Сафир : 45 €**( со вклучени влезници )

**АЗИСКИ ПАКЕТ: Азиски Истанбул + Крстарење Принцески : 60 €**

**ИСТАНБУЛ КОМБО ПАКЕТ: Европски пакет + Азиски пакет + Пјер Лоти + панорамски разглед + Крстарење по Босфор: 135 €**

**ИСТАНБУЛ FULL ПАКЕТ: Европски пакет + Азиски пакет + Пјер Лоти + панорамски разглед  + Крстарење по Босфор + влезница за Долма Бахче палата (со локален водич) + вечера со шоу програма на брод на Босфор со ноќно крстарење: 230 €**

- Долма Бахче сарајот со локален водич   (Резиденционален дел вклучена влезница) – 50€
- Туристичка такса 6€ за целиот престој, по лице ( се плаќа во агенција )
- Патничко осигурување 350 мкд.
- Доплата за еднокреветна соба : 3900 мкд
- Доплата за седиште по избор 20€
- **Доплата за дополнително седиште 150€**

***<u>НАПОМЕНА:</u>***

- За реализација на програмата потребни се минимум 40 лица
- Плаќање во денарска противвредност 1 евро = 62 денари
- Агенцијата го задржува правото да го откаже патувањето 5 дена пред денот на поаѓање, во случај на недоволен број на патници.
- Пасошот мора да биде со важност мин. 6 месеци од денот на враќањето.
- Сместувањето во автобусот е според датумот на уплатата. За избор на седиште по желба (освен првиот ред), се доплаќа 10 евра (по седиште).
- Агенцијата го задржува правото за промена на излетите по денови и сатници